# ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

На Првата детска амбасада во светот Меѓаши


## АПСТРАКТ

Сите деца, без разлика каде и во какви околности живеат, имаат право да бидат заштитени, негувани и ослободени од каква било форма на насилство, злоупотреба, занемарување, малтретирање и експлоатација, како што е определено во Конвенцијата за правата на детето. Почитувањето и поддршката на ова право е суштината на заштитата на детето.

ЗА ПДАС МЕЃАШИ

Првата детска амбасада во светот Меѓаши – Република Македонија, основана во април 1992 година е непартиско, невладино и непрофитно здружение кое дејствува во областа на заштита на децата. Детската амбасада Меѓаши е првата регистрирана меѓународна неввладина организација во Република Македонија формирана за заштита на правата на децата во транзицискиот период, со мисија да ги застапува и штити правата на децата во Македонија. Детсаката амбасада Меѓаши е препознаена како водечка македонска невладина организација за застапување и унапредување на правата на детето. Во 2001 година Меѓаши беше првиот дотогашен добитник на награда за граѓанско општество и демократија доделена како признание за нејзиниот траен и одржлив придонес во воспоставувањето на демократското општество во Македонија преку својата дејност во областа на правата на децата. Првата детска амбасада во светот Меѓаши е членка на Еурочајлд (Eurochild), ЕЦПАТ (ECPAT) и глобалната мрежа на СОС линии за деца и млади Child Helpline International.

## Мисија

Првата детска амбасада во светот Меѓаши ги застапува и заштитува правата на децата , поттикнува одговорно родителство и почит на детската личност, го зајакнува граѓанското движење за правата на децата, детското учество и се залага за функционалност на институциите во најдобар интерес на детето. Меѓаши го промовира мировното образование, развивајќи активно граѓанство засновано на принципот на ненасилство и ги негува различностите и еднаквите можности за сите.

## Визија

Поправеден свет за секое дете.

*Овој документ е подготвен во Рамката за развој на организацискиот капацитет како дел од проектот „Да гиземеме правата во наши раце“, со поддршка на Канцеларијата на Save the Children во Косово и финансии од Владата на Шведска. Овој документ не го изразува неминовно гледиштето на Влада на Шведска.*

| | |
|---|---|
| **Наслов на политиката** | Политика за заштита на децата |
| **Автор** | Контакт лицето за заштита на децата, ПДАС Меѓаши |
| **Рецензент** | Раководител на Сектор за истражување, развој и одржливост, ПДАС Меѓаши |
| **Одобрувач** | Највиокиот раководен тим на ПДАС Меѓаши |
| **Цел и опис** | Оваа политика и поврзаните процедури ја опишуваат посветеноста на ПДАС Меѓаши кон заштитата на децата. Целта на политиката е да осигури дека ПДАС Меѓаши е безбедна за децата преку зголемување на свеста и превенцијата за дда се ублажи или намали ризикот од или вистинската штета што може да им биде направена на децата од страна на претставниците на програмите, или во активностите, кампањите и работењето на организацијата |
| **На кого се однесува** | ☒ Целиот персонал на ПДАС Меѓаши<br>☒ Членовите на Собранието<br>☒ Волонтерите<br>☒ Партнерите, добавувачите, консултантите и сите други субјекти со кои стапуваме во размена на услуги или производи (генерално „Партнери“)<br>☒ Децата |
| **Датум на стапување во сила** | 10.01.2022. |
| **Датум на ревизија** | 10.01.2023. |

# Contents

I. Вовед ..... 5

Основни вредности ..... 5

Зошто на децата им треба заштита? ..... 6

Што се подразбира под заштита на децата? ..... 6

На кој начин заштитата се разликува од почитувањето на правата на децата? ..... 7

Пристапот на заштита на децата ..... 7

Опсег ..... 7

Дефинирање на штета (или злоупотреба) ..... 8

II. Превенција ..... 10

Свесност: Намалување на ризикот од нанесување штета од вработените, волонтерите и соработниците ..... 10

Вработување или ангажирање на соработници и проценка ..... 10

Список за проверка при вработување и селекција ..... 11

Креирање програми и проекти безбедни за децата ..... 12

Кодекс на однесување на ПДАС Меѓаши: Нашата посветеност и одговорности ..... 13

Учење и развој ..... 14

Партнери ..... 14

III. Реакција и заштита ..... 15

Пријавување ..... 15

Процедура за пријавување ..... 15

Последици од прекршување на политиката ..... 17

IV. Медиуми и комуникации ..... 18

Насоки за комуникација и медиуми ..... 18

Принципи ..... 18

Информирана согласност ..... 19

Интервјуирање деца ..... 19

Посети од фотографи, филмски екипи, новинари и други ..... 20

V. Мониторинг и отчетност ..... 21

Отчетност: Мониторинг и евалуација на спроведувањето на Политиката за заштита на децата ..... 21

Одговорност за имплементација, усогласеност, мерење и постојано подобрување ..... 21

Следење на политиката ..... 21

Анекси ..... 21

Придружни документи ..... 1

# I. Вовед

Првата детска амбасада во светот Меѓаши е водечка организација за заштита на правата на децата во Македонија. Еден од апсолутните основи што треба да го обезбедиме е дека нашите програми се безбедни и сигурни за децата. Цврсто сме определени да направиме сѐ што е во наша моќ за да бидеме сигурни дека секое дете се чувствува безбедно во нашите програми. Заштитата на децата значи дека имаме пакет од внатрешни политики, процедури и практики со кои обезбедуваме дека ПДАС Меѓаши работи безбедно и сигурно за децата.

Во својата работа ПДАС Меѓаши има цел да осигура дека правата на децата се почитуваат во согласност со Конвенцијата за правата на детето. Членот 19 од Конвенцијата опишува на кој начин Државите членки ќе го штитат секое дете од сите форми на физичко или ментално насилство, повреда или злоупотреба, занемарување или несовесно постапување, малтретирање или експлоатација, вклучувајќи и сексуална злоупотреба.

ПДАС Меѓаши смета дека сѐ погоре наведеното претставува прекршување на детските права и дека сите деца имаат право на слобода од сите такви прекршувања. Оваа политика е комплементарна на Статутот на ПДАС Меѓаши, на Етичкиот кодекс и ги покрива сите неопходни одговорности на Детската амбасада за заштита на сите деца што учествуваат во нашите активности, проекти и програми од сите облици на повреда, злоупотреба и експлоатација. Етичкиот кодекс ги поставува стандардите и очекувањата за професионално однесување и добри практики во односите со децата што се очекуваат од сите вработени, волонтери и претставници на ПДАС Меѓаши.

## Основни вредности

ПДАС Меѓаши е безбедна и сигурна организација за децата. Нашиот пристап е нулта толеранција кон сите форми на дискриминација, прекршување, насилство, сексуална злоупотреба и експлоатација на деца и не прифаќаме никакво однесување што ја прекршува оваа политика. Сите наши вработени, волонтери, сите наши претставници, како и партнерските организации имаат обврска да ја прочитаат политиката, да ја прифатат основната филозофија и да ги следат обврските дефинирани од ПДАС Меѓаши. Силно сме посветени на почитување на правото на децата на слобода од сите форми на насилство, злоупотреба и експлоатација, при што нашата основна филозофија е дека:

- Дете се смета секое лице до наполнети 18 години живот, како и лица со пречки во телесниот и менталниот развој до наполнети 26 години живот, според Законот за детска заштита (член 11) и според Конвенцијата за правата на детето се смета за дете (член 1)
- Секое дете е важно и сите деца имаат еднакви права и не смеат никогаш да бидат дискриминирани, без разлика на бојата на кожата на детето или на нивните родители или старатели, родот, родовиот идентитет и изразување, јазикот, верската припадност, политичките или другите гледишта, етничката или социјалната припадност, имотот, попреченоста, сексуалната ориентација, граѓанскиот или друг статус
- Сите деца имаат право да бидат слободни од каква било форма на дискриминација и злоупотреба, вклучувајќи физичка, психолошка, занемарување и сексуална злоупотреба, повреда и експолатација

- ПДАС Меѓаши работи на тоа децата да се свесни за нивното право да бидат ослободени од дискриминација, повреда, сексуална злоупотреба и експлоатација и секогаш ќе ги информираме за ова право

- Меѓаши има обврска да обезбеди сите вработени и сите наши претставници, соработници, како и вработените во партнерските организации или други ентитети со кои соработуваме, да ја применуваат најдобрата можна практика во нивното однесување кон децата и во нивниот професионален и приватен живот.

## Зошто на децата им треба заштита?

Злоупотребата на деца ги вклучува сите форми на физичко и емоционално малтретирање, сексуална злоупотреба, занемарување или несовесно постапување, како и комерцијална или друг вид експлоатација што води кон реална или потенцијална штета врз здравјето на детето, неговиот опстанок, развојот или достоинството, во контекст на односи на одговорност, доверба или моќ.

Влијанието на злоупотребата врз физичкото, менталното и емоционалното здравје на детето може да биде многу силно и долготрајно. Глобалните истражувања покажуваат дека злоупотребата на децата е сеуште широко распространета. Насилството и злоупотребата на децата честопати останувaат прикриени заради колебањето или отпорот на жртвите да откријат дека се злоупотребени, да побараат помош за да се справат со искуството или да преземат активности за да се заштитат себеси од понатамошна виктимизација.

Во најголем број случаи, децата се помалку моќни од возрасните и тоа ги прави природно поранливи. Оттаму, возрасните имаат одговорност и обврска да ги заштитат децата од штета и да одговорат во ситуации кога децата се изложени на ризик.

Биидејќи ризиците може да преминат во инциденти во многу различни ситуации – почнувајќи од физичка и сексуална злоупотреба, преку повреда на приватноста на детето (лични податоци) сè до виртуелна кампања – ПДАС Меѓаши ќе спроведува редовно проценка на ризиците во однос на заштитата на децата во секој свој проект и/или активност за да идентификува кои се важните проблеми што треба да ги реши.

## Што се подразбира под заштита на децата?

Заштитата на децата претставува обврска што ја имаме за да обезбедиме дека нашите вработени, волонтери, работа, програми, наши претставници и партнери не прават штета на децата. Тоа значи дека никој од наведените не ги изложуваат децата на ризик од штета и злоупотреба и дека која било загриженост за или сомневање во однос на детската безбедност во заедниците во кои работиме ќе биде пријавена кај соодветните надлежни органи. Принципот „не прави штета“ се однесува на одговорноста на Детската амбасада Меѓаши да ја минимизира штетата која ненамерно би можеле да ја направиме како резултат на активностите на организацијата.

Заштитата на децата се однесува на сите дејствија што ги преземаме за да бидат децата со кои стапуваме во контакт безбедни. Тоа, исто така, вклучува и преземање проактивни мерки за обезбедување ниту едно дете да не биде оштетено како резултат на непосредниот или посредниот контакт со ПДАС Меѓаши. Заштитата на децата вклучува превенција од физичка, сексуална и емоционална злоупотреба, занемарување и несовесно постапување кон децата од вработените и другите лица за кои ПДАС Меѓаши е одговорна, вклучително и консултанти, партнери, посетители на канцелариите на Амбасадата и волонтерите.

Заштитата на децата е широк концепт што ги покрива дејствијата и мерките насочени кон детето што ги презема ПДАС Меѓаши со цел да се спречи или намали веројатноста за појава на загриженост. Мерките вклучуваат кодекс на однесување, безбедни процедури на вработување, политика и пракса за безбедно вработување, обука и комуникации. Сепак, и покрај овие превентивни мерки, сѐ уште може да се појави загриженост за заштита на децата.

Дел од заштитата на децата се однесува на дејствијата што ПДАС Меѓаши ги презема за да одговори на конкретна загриженост дека некое определено дете е во ризик од значајна штета заради остварениот контакт со некој од вработените, или волонтерите или партнерите на ПДАС Меѓаши. Овие специфични мерки се од суштинско значење доколку постои загриженост дека некое дете е злоупотребено и дека неговата безбедност е загорзена.

## На кој начин заштитата се разликува од почитувањето на правата на децата?

Слободата од злоупотреба е право на секое дете, додека заштитата на децата против каков било облик на злоупотреба е дел од нашата одговорност да ги почитуваме и поддржуваме правата на детето. Но одговорноста на ПДАС Меѓаши се проширува за да осигури дека сите права на детето – од правото на образование и здравје, до правото на слобода од детски труд и експлоатација – се почитувани во секој аспект од нашите активности. Ова се однесува не само на заштитата на децата од злоупотреба од вработените и партнерите, туку и осигурување дека правата на детето се почитувани во секоја фаза од ланецот на вредности на Меѓаши, почнувајќи од проценка на ризиите при планирање проект, организација и спроведување активности, сѐ до набавка на материјали и користење на услугите од страна на децата.

## Пристапот на заштита на децата

Во основата на пристапот на заштита на децата е разбирањето на ризиците за децата од страна на ПДАС Меѓаши (вработените, програмите и работата) и справување со тие ризици преку мерки што ќе не направат организација безбедна за децата. Препознавањето на ризиците и преземањето мерки за нивно решавање е од суштинско значење во нашите стратегии и раководење. Колку повеќе ова се препознава како важно толку повеќе ризици може да се спречат. Она што е од клучно значење за децата и за организацијата  е начинот на кој Меѓаши одговара на злоупотребата.

## Опсег

Секое дете во нашите програми ќе биде заштитено од сите форми на прекршување, повреда, физичка, психолошка и сексуална злоупотреба и сексуална експлоатација преку примена на оваа политика и сите прилози во рамки на политиката.

Децата и нивните родители/старатели ќе бидат информирани и ќе ја разберат важноста на оваа политика и кодексот на однесување. Тие ќе бидат информирани како треба да ги пријават отстапувањата од политиката.

Политиката ќе има и детска верзија, напишана на јазик разбирлив за децата.

Контакт лицето за заштита на децата во Меѓаши ќе биде назначено од Оперативниот/ната директор/ка.

Правата на детето се од примарна важност. Ќе биде направен секој напор за да се заштитата правата на детето во која било истрага. Сигурноста и безбедноста на детето се на прво место.

Оваа политика се однесува на:

1. Сите вработени, без разлика дали се со полно или со скратено работно време, дали работат во Македонија или надвор од земјата
2. Лица што се ангажирани преку договор, вклучително консултанти, истражувачи, обучувачи итн.
3. Активни членови, волонтери и членови на Собранието на ПДАС Меѓаши
4. Децата кои се активни и/или учествуваат во нашите програми ќе бидат информирани за политиката во форма соодветна на нивната возраст, когнитивна развојна фаза, јазик и културолошка припадност итн.
5. Вработени и претставници на партнерските институции (училиштата) и поединци, групи и организации со кои Меѓашу соработува преку склучен договор кој вклучува и контакт со деца, освен во случај кога е договорено дека партнерската организација може да ја примени својата политика за заштита на децата
6. Донатори, новинари, политичари и други луѓе кои ја посетуваат ПДАС Меѓаши, нејзините програми или канцеларии и кои може да дојдат во контакт со децата.

## Дефинирање на штета (или злоуптреба)

Тешко е да се дефинира „штетата“ за децата бидејќи тие може да бидат злоупотребени на многу начини во зависност од контекстот и културата. Може да бидат злоупотребени во семејството, во некоја институција, во заедницата или пак во верската заедница, или преку социјалните медиуми односно интернет. Може да им биде нанесена штета од еден или повеќе возрасни лица или од друго дете или повеќе деца. Исто така има примери на присилен брак што може да нанесе значителна штета кај детето.

Иако дефиницијата на штетата е прилично широка и зависи од контекстот, на светско ниво постои согласност и договор за формите на насилство и злоупотреба. Според Светската здравствена организација „Малтретирање на дете претставува злоупотреба и занемарување на деца на возраст под 18 години. Тоа ги вклучува сите облици на физичко и/или еммоционално малтретирање, сексуална злоупотреба, занемарување, несовесно однесување и комерцијална или друг вид експлоатација, што резултира во вистинска или потенцијална штета на здравјето на детето, неговиот опстанок, развој или достоинство во контекст на односи на одговорост, доверба или моќ. Изложеноста (сведочењето) на детето на насилство на интимен партнер понекогаш исто така се смета за малтретирање на детето.“

**Физичка злоупотреба**: Дејство во кое едно лице му нанесува на детето физичка повреда, болест или болка, или пак го изложува детето на запоставување и слично. Ова може да вклучи

удирање на детето со или без орудие, штипење, клоцање, туркање, фрлање, протресување, влечење на детето за коса, гребење или каснување на детето, газење врз детето или присилно ставање на предмети во устата на детето. Физичката злоупотреба исто така вклучува и труење, горење, истурање врела вода, гребење и обид за давење или задавување на детето. Која било форма на телесно казнување се смета за физичка злоупотреба на деца.

**Психолошка злоупотреба**: Психолошката злоупотреба вклучува строго казнување, исмевање, критицизам, потсмев, омаловажување, отфрлање, ладен однос, неразумни барања, присилна изолација од друштвените контакти и активностите соодветни за возраста на детето и постојано одбивање да се слушне детето што има да каже. Одредени штетни искуства се сметаат и за психолошка злоупотреба, на пример ако детето е принудено да биде сведок (да види или слушне) на ансилство во неговата непосредна околина или пак живее во средина каде што има често насилство или закани за насилство. Сите форми на физичка злоупотреба на деца, вклучително и сексуална злоупотреба, вклучуваат и психолошка злоупотреба.

**Сексуална злупотреба**: Ги покрива сите форми на сексуални дела присилно извршени врз детето од друго лице. Сексуална злоупотреба дека другата личност ја искористува позицијата на зависност на детето, а делото се заснова на потребите на другата личност, се нарушува интегритетот на детето, се случува спротивно на волјата на детето или е нешто што детето не може да го разбере, не е доволно зрело за да го прифати или да даде свесна согласност.

**Сексуална експлоатација/искористување**: Вистинска злоупотреба или обид за злоупотреба на осетливата позиција на детето за сексулани цели, а на основа на позиција на моќ или доверба. Ова вклучува, но не е ограничено на ветување на детето парична, социјална или политишка добивка преку сексуалното искористување.

**Онлајн сексуална злоупотреба** (злоупотреба преку интернет): Ги покрива сите форми на сексуална злоупотреба, физичка или не, присилно извршена врз детето од друго лице преку интернет. ПДАС Мешаши ќе внимава, ќе спречува и ќе дејствува и пријавува ваков вид на злоупотреба на деца.

ПДАС Мешаши ќе стори се за да ги спречи, пријави и дејствува во однос на горенаведените настани.

Сите вработени, членови на Собранието на ПДАС МЕѓаши, волонтери и партнери на ПДАС Мешаши ќе се обидат:

- Да ја планираат и организараат својата работа и работно место на начин што го минимизира ризикот на децата да бидат изложени на злоупотреба, експлоатација, повреда или друго прекршувањ на нивните права
- Да промовираат средина што се карактеризира со отвореност во врска со осетливоста на децата на злоупотреба и експлоатцаија, при што сите прашања и гледишта ќе може слободно да се истражат и дискутираат
- Да ги поттикнат децата и нивните родители/старатели и да разговараат со нив за нивните права, што е прифатливо а што не, што може да очекуваат од нивниот однос со ПДАС Мешаши и што може да направат доколку се појави каков било проблем
- Да рабтата проактивно за да ги заштитат децата, не само во врска со работата за помош при катастрофи

# II. Превенција

## Свесност: Намалување на ризикот од нанесување штета од вработените, волонтерите и соработниците

Иако е тешко да се помисли, сепак има некои вработени, волонтери и соработници кои им нанесуваат штета на децата, без разлика дали намерно или заради недоволно разбирање за тоа што претставува навредливо однесување. За да го намали овој ризик, Меѓаши мора да обезбеди сите да бидат информирани за оваа политика и да постапуваат согласно сите одредби во политиката. Обврската да „не нанесуваат штета на децата“ што ја имаат вработените, волонтерите и соработниците за да ги заштитат децата важи и за нивното однесување кон децата со кои стапуваат во контакт и надвор од работната средина, како и за време на работните часови.

ПДАС Меѓаши ќе осигура дека оваа политика, Етичкиот кодекс и процедурите за известување и пријава се објавени, пристапни и се прилагодени на децата, нивните родители/старатели, сите вработени и претставници, како и на сите важни трети страни на јазик и форма што е за нив разбирлива.

Децата и нивните родители/старатели мора да бидат информирани за процедурите за известување и пријава на загриженост, жалби или прекршувања на оваа политика.

Исто така, сите патнери и соработници вклучени во спроведување на програмите мора да се информирани за процедурите за известување и пријава на загришеност, жалби у прекршувања на оваа политка и другите нејзини процедури.

Новинарите, политичарите, познатите личности и оние што ја промовираат нашата работа пошироко се исто така одговорни да ги штитата децата од штета. Сите треба да ја добијат и да ја разгледаат оваа политика.

Гостите што одат до местата каде се спроведуваат наши програми и активности со или во име на ПДАС Меѓаши треба да ја добијат и да ја разгледаат оваа политика.

## Вработување или ангажирање на соработници и проценка

Безбедно вработување значи спроведување процеси при вработувањето што ќе ги штитат децата, вклучително и општа проверка на безбедноста. ПДАС Меѓаши ќе вработува само лица кои се погодни за работа со деца. Строгите практики на заштита на децата при вработување се однесуваат на сите кандидати, и вклучуваат, но не се ограничуваат на сеопфатен скрининг на криминалното досие на кандидатите (потврда за неосудуваност), темелни процедури за интервју и проверки на претходното искуство преку контактирање на претходни работодавачи на кандидатите. (Прилог 1)

Политиката за заштита на децата е потпишана од сите вработени и го обврзува секој вработен дека се согласува и обврзува да ги следи сите политики и процедури за заштита на децата, како во професионалните така и во личните односи со децата.

ПДАС Меѓаши ќе ја искаже својата посветеност на заштитата на децата уште во самите огласи за вработување или ангажирање на соработници, во текот на интервјуата и како дел од

договорот за работа. Вработените, консултантите и волонтерите треба да бидат регрутирани врз основа на јасни описи на работното место или краткотрајниот ангажман што вклучуваат изјава за одговорноста на позицијата или улогата за почитување на барањата на политиката на ПДАС Меѓаши за заштита на децата. Сите интервјуа ќе вклучуваат дискусија за заштитата на децата, разбирањето на кандидатот на ова прашање и за посветеноста на организацијата на заштитата на децата. Понудите за договор на оние чија работа вклучува директен контакт со деца или им дава пристап до информации за децата, ќе зависат од тоа дали препораките се соодветни и од проверката на криминалното досие на кандидатот (барање за достава на Уверение за неосудуваност и Потврда од казнена евиденција).

## Список за проверка при вработување и селекција

1. Кога подготвувам опис на работната позиција/ангажман, ја анализирам улогата и размислувам за прашањата поврзани со заштитата на децата и ризиците на таа позиција:
- Каков контакт со деца вклучува работата?
- Дали вработениот/консултантот има несупервизиран пристап до децата или пак има позиција на доверба?
- Каков друг вид контакти може да има лицето со децата (преку електорнска пошта, телефонот, писмо, интернет)?
2. Подготвувам јасни описи на работната позиција, условите на работа/краток опис на улогата за сите позиции вклучувајќи ги и краткорочните ангажмани (договор за дело/авторски договор), а консултантите поминуваат низ процедура на регрутирање/ангажирање.
3. Се осигурувам дека критериумите за избор јасно ги наведуваат релевантното искуство неопходно за позиции што вклучуваат директна работа со деца.
4. Се осигурувам дека обврската за безбедност на децата е детално разработена во секој оглас испратен до можните кандидати за која било пзиција – вработување или консултантска.
5. Имам разработено образец за пријава во кој се бара согласност за добивање информација за поранешни пресуди или тековни дисциплински постапки.
6. Барам документ за идентификација за да го потврдам идентитетот на кандидатот и доказ за релевантните квалификации.
7. Добро го имам испланирано процесот на интервјуирање и размислувам кој од интервјуерите има релевантно искуство и знаење за заштитата на децата и најдобрите практики.
8. Вклучувам посебни прашања при интервјуто преку кои може да се видат ставовите и вредностите на луѓето во врска со заштитата на децата. Дали може да дадат примери на ситуации кога заштитиле дете, што научиле од тоа искуство, како тоа влијаело на нивната сегашна работа?
9. Проверувам три препораки од претходни работодавачи на кандидатот или други кои го познаваат искуствовот на кандидатот и неговата/нејзната соодветност за работа со деца.
10. Го верификувам идентитетот на лицата што даваат препораки за кандидатот.
11. Правам колку е можно повеќе прверки на кандидатот
12. Размислувам за ангажирање на пробен период при вработувањето за да обезбедам дека кандидатот/ката е соодветен/на за позицијата

* Адаптирано од Nolan, P (2004) The role of HR in Child Protection, People in Aid, преземено од Keeping Children Safe (2014) Child Safeguarding Standards and how to implement them

### Улогата на лицето за заштита на децата

Улогата и одговорностите на лицето за заштита на децата (ЛЗД) е да дава поддршка на оперативниот тим на ПДАС Меѓаши  во секојдневното спроведување на Политиката за заштита на децата. ЛЗД е лицето кое е прво се контактира во случај на загриженост во однос на заштитата на кое било дете.

Конкретните задачи вклучуваат:

- Да биде главно лице за контакт во контекст на делегирањето на заштитата на децата
- Да осигури дека вработените, волонтерите, претставниците и партнерите се запознаени со Политиката за заштита на децата и знаат кои се нивните одговорности во рамки на политиката (обезбедување обука, давање насоки и сл.)
- Да ги советува и поддржува вработените, волонтерте, претставниците и партнерите во спроведувањето на политиката, вклучително и проценка на ризиците за безбедноста на децата
- Да воспостави однос со локалните надлежни за детска заштита (центар за социјална работа), здравствена заштита и полиција за да може да се добијат информации во случај на инцидент или доколку е потребен надворешен совет
- Да осигури дека политиката и нашата посветеност кон детските права им се познати на децата, семејствата и заедниците кои работат со нас и политката да им биде достапна
- Да биде првото лице до кое се обраќаат во случај на инциденти поврзани со заштитата на децата и да ги информира раководните лица кога ќе се појават овие инциденти
- Да води ажурирана евиденција за секој инцидент
- Да дава поддршка во спроведувањето на политиката преку поднесување годишен извештај до оперативниот/ата директор/ка заедно со план за идните активности за спроведување на политиката

Вештини и карактеристики на ЛЗД:

- Да има познавање и искуство поврзано со заштитата на децата и преземање мерки во случај на загорозеност
- Да е почитуван/а и да има авторитет во организацијата за да биде ценето неговото /нејзиното мислење
- Да е пристапен/на, со добри комуникациски вештини и со возрасните и со децата
- Да е способен/на да остане мирен/на во случаите кога се покренува постапка, особено ако на детето му е потребна помош
- Да е способен/на да работи со другите за да осигури дека политиката се спроведува и да одговари на случаите кога ќе се појави инцидент поврзан со заштита на децата
- Посветеност кон заштита на децата и почитување на нивните права, како и способност за застапување и одбрана на заштитата на децата
- Вештини за држење обука и презентација
- Да биде способен/на да ги чува информациите во доверба.

## Креирање програми и проекти безбедни за децата

ПДАС Меѓаши ги креира своите проекти и програми на начин преку кој се минимизираат ризиците од штета врз децата со кои контактираме или врз кои би имале директно или индиректно влијание. Минимизирањето го правиме преку разгледување на безбедноста на

децата уште во процесот на креирање/планирање, без разлика што е фокус на планираната работа.

Проект безбеден за децата значи дека ја зема предвид средината, контекстот и влијанието (намерно или ненамерно) врз децата и заедниците во кое работиме. Пред сè го дефинираме контекстот во кој ќе работиме и вршиме проценка на ризиците на сите предлог или постојни програми, ги адаптираме програмите за да бидат побезбедни за децата и вклучуваме и дополнителни бебедносни стратегии во текот на фазата на имплементација.

При планирање на активностите, земаме предвид низа аспекти за да ги избегнеме ризиците. Тоа вклучува:

- Разбирање дека семејството или заедницата не секогаш го смета за добро учеството на децата во активности.
- Обезбедување дека е преземена посебна грижа за обезбедување превентивни мерки за заштита на децата доколку активностите се одвиваат во недоволно позната средина/место и без родителска грижа.

## Кодекс на однесување на ПДАС Меѓаши: Нашата посветеност и одговорности

Сите вработени на ПДАС Меѓаши и сите нејзини претставници, вклучително и членовите на Собранието на Меѓаши, волонтерите, надворешните соработници **имаат обврска**:

- да се однесуваат кон децата и нивните семејства со почит и еднакво;
- да обезбедат поволна средина за детскиот личен, физички, социјален, емоционалне, морален и интелектуален развој;
- да ги поттикнуваат децата да учествуваат при носењето одлуки што ги засегаат;
- да негуваат кулутра на комуникација и градење доверба со децата и нивните семејства;
- да користат ненасилни и и позитивни методи на однесување кога вршат надзор врз децата;
- да знаат што е насилство, злоупотреба и експлоатација;
- да ги препознаваат знаците на злоупотреба и веднаш да пријавуваат сомневање до лицето за заштита на децата;
- да ја почитуваат доверливоста за децата;
- да осигураат дека најмалку две вработени лица се присутни на средби со децата;
- да обезбедат секое дете кое учествува во активност на која не е е директен корисник, на пример, во кампања, доделување награди, дискусија или друг настан, или во некоја мрежа на социјалните медиуми е заштитено со оваа политика.

Сите вработени на ПДАС Меѓаши и сите нејзини претставници, вклучително и членовите на Собранието на Меѓаши, волонтерите, надворешните соработници **не смеат**:

- да прекршат ниту едно право на детето, да го злоупотребат или екплоатираат;
- да се вклучат во каква било форма на сексуална активност со децата без разлика на законски утврдената возраст за согласност за сексуална активност;
- да извршуваат активности за децата што самите можат да ги изврпат, вклучително облекување, капење;

- да ги дискриминираат, засрамуваат, понижуваат, омаловажуваат децата или на друг начин да ги изложуваат децата на емоционална злоупотрева;
- да поканат дете или неговото семејство во својот дом или да изградат однос со детето и/или неговото семејство што може да се перципира или смета дека е надвор од вообичаените професионални рамки;
- да ги покажуваат лицата на децата кои биле сексуално експлоатирани, жртви на трговија со луѓе, во судир со законот или кои може лесно да бидат препознаени дури и кога нивниот идентитет е модифициран;
- да се однесуваат на начин што може да го доведе детето во ризик на злоупотреба, вклучително и недоволно внимание при проценката и намалувањето на потенцијалните ризици за децата како резултат на спроведувањето на активностите;
- да превезуваат дете насамо во возило;
- да бидат сами со детето во какви било околности што може да биде доведено во прашање од други лица;
- да зборуваат или да ги допираат децата на начин што може да биде перципиран како несоодветен или навредливм ниту пак да даваат предлози на децата што може да бидат разбрани како несоодветни;
- да ги изложуваат децата на ситуации што не можа да ги разберат, не се доволно зрели за да се справат со ситуацијата и не можат да дадат свесна и основана согласност
- да игнорираат или учествуваат во незаконско, опасно или погрешно однесување на децата
- да спијат во ист кревет или соба со децата што ги познаваат преку работата, освен ако тоа е неопходно заради безбедноста на децата и е однапред договорено со претпоставениот или независна трета страна. доколку е така, ќе треба да има писмен договор, образложен и одобрен од лицето за заштита на децата.

## Учење и развој

Обука за заштита на децата ќе биде достапна и спроведена за сите вработени, претставници и релевантни лица и партнери. Обуката ќе вклучува разгледување на Политиката на ПДАС Меѓаши за заштита на децата, насоки за промоција на култура на следење на правата на децата, како да препознаат потенцијална штета за децата и како да пријават наводи или сомневања за злоупотреба. Обуката за нововработените ќе биде спроведена во текот на првиот месец од вработувањето.

## Партнери

При партнерство ПДАС Меѓаши ги идентификува клучните активности за да се осигури дека практиките за заштита на децата се интегрирани во нив.

Сите договори со партнерите мора да ги вклучуваат барањата од оваа политика. Доколку партнерот користи своја политика, тогаш нивната политика треба да ги има истите или повисоки стандарди за заштита и препознавање на правата на децата.

Сите договори со пратнерите мора да вклучуваат информација за насоките и процедурите за безбедно вработување, пријавување сомневање за или познати прекршувања на политиката и спроведување проценка на ризиците при планирањето на активностите за да се обезбеди безбедноста на децата.

# III. Реакција и заштита

## Пријавување

ПДАС Меѓаши ќе известува за сомневање или за реална злоупотреба на деца, иако тоа можеби нема да се должи на програмите или на работењето на организацијата. За овие случаи ќе бидат известени полицијата, центрите за социјална заштита, Јавниот обвинител, Народниот правобранител и другите органи. Процесот на пријавување ќе обезбеди дека децата и нивните семејства нема да бидат изложени на дополнителен ризик или да бидат ранливи поради самото пријавување на штета и/или на злоупотреба.

Секое пријавување мора да се направи веднаш, во рок од 24 часа до лицето за заштита на децата (ЛЗД) преку образецот за пријавување (прилог 3).

Водечкиот принцип при пријавување на инцидент е дека безбедноста на детето е најважен приоритет.

Во следниов дел се појаснува што се подразбира под 1) пријавување инцидент, 2) известување за потенцијални, но избегнати настани (се мисли на непланиран настан кој не довел до повреда, болест или некаква штета, но кој имал потенцијал да доведе до тоа), 3) пријава за загриженост или 4) пријава до полиција.

1) (пријавување) инцидент претставува пријава за прекршување на политиката за заштита на децата во нашето сопствено работење – вработени, волонтери, претставници, односно децата биле изложени од вработен, волонтер или наш претставник на намерна или ненамерна повреда, прекршување, дискриминација, некаква форма на физичко или психичко насилство, сексуална злоупотреба или експлоатација.
2) избегнат настан е забележани и пријавени пропусти во нашето работење што можеле да ја прекршат политиката за заштита на децата, но на ниту едно дете сè уште не му било наштетено. Пријавувањето потенцијални инциденти/настани е важен дел од тоа да се обезбеди дека работењето на ПДАС Меѓаши е безбедно за децата, но исто така е и важен елемент за постојано зајакнување и подобрување на нашето работење и процедури. Пријавувањето мора да се направи, без оглед на нивото на ризик, и сè што го зголемува ризикот од повреда на децата е нешто што мора да се пријави.
3) пријава за загриженост значи дека секое вработено лице, волонтер, или претставник на ПДАС Меѓаши мора да дејствува ако дознае или ако е загрижен/а дека на детето ќе му се наштети, дури и ако тоа не е во рамките на нашите програми. Во овој случај известуваме (информираме) за нашата загриженост до социјалните служби во општината каде што живее детето.
4) пријава до полиција – ако законот е прекршен во врска со повреда на дете, дури и ако тоа не е во рамките на сопствените програми на ПДАС Меѓаши, тоа мора да се пријави во најблиската полициска станица, под услов тоа да не го доведе детето во ризик.

## Процедура за пријавување

Вработените или волонтерите на ПДАС Меѓаши, или членовите на Собранието или партнерите кои имаат сомнеж, забележуваат или се известени за отстапување од политиката, ќе го сторат следново:

1) Веднаш ќе го известат лицето за заштита на децата
2) Нема да пренесуваат детали на други лица, освен ако нив не им е доделена одговорност за препраќање или за реагирање на известувањата.

За секој покренат или под сомневање случај што е пријавен ќе бидат евидентирани пријавите на сигурно место до кое ќе има ограничен пристап – само ЛЗД и раководните структури.

Одлуките поврзани со инцидентите не смеат да бидат носени самостојно од едно лице.

Првиот чекор во процедурата е носење одлука дали пријавениот случај е внатрешен или е поврзан со надворешна ситуација. Доколку пријавата е внатрешна, односно се однесува на однесувањето на вработен, волонтер, претставник или партнер се носи одлука дали има потреба инцидентот да се пријави до надлежните државни служби. Доколку нема потреба, тогаш внатрешните процедури за заштита на децата ќе треба да се применат. Доколку пак се процени дека треба да се известат надлежните, веднаш се известуваат и се преземаат акции врз основа на добиените насоки од надлежните институции и се носи одлука за понатамошните чекори, се евидентира случајот и се презема акција.

### *Внатрешна процедура на заштита на децата*

ПДАС Меѓаши ќе го суспендира веднаш кое било вработено лице, волонтер, или претставник за кое има наводи дека ја прекршило политика за заштита на децата сѐ додека трае истрагата и не е добиен резултат од неа. Доколку истрагата покаже дека лицето, без разлика во која од погоре наведените улоги, е виновно, организацијата го задржува правото да преземе дисциплинска мерка против тоа лице, вклучувајќи и пријавување на инцидентот во полиција.

Внатрешната истрага ќе ја спроведува ЛЗД и по завршувањето, ЛЗД доставува извештај до Оперативниот директор и до Претседателот кои ќе донесат одлука за акциите што ќе се преземат.

Онаму каде што постои сомневање дека предметот е од кривична природа, истиот ќе биде пријавен во полиција и/или социјалните служби, под услов тоа да не го доведува детето во ризик. Ова може да резултира со кривична истражна постапка и судење.

При спроведување на истрагата на пријавената загриженост или жалба, процесот треба да биде фер. Со сите пријавени случаи ќе се постапува професионално, доверливо и на најсоодветен можен начин. Во овој контекст, „доверливо“ значи дека одговорните раководители или ЛЗД постапуваат по известувањата, пред да се донесе одлука за евентуално упатување до социјалните служби или до полицијата. Во случај на уважување на жалбите, поединецот има право на приговор на одлуката.

Раководството ќе ја донесе конечната одлука, што ќе биде потврдена и писмено и со тоа процесот на приговор е завршен.

### *Како да се пријави?*

- Во рок од 24 часа мора да се поднесе устен и писмен извештај.
- Разговорот со ЛЗД ќе се фокусира на следново:
  - i. Опис на предметот
  - ii. Ризиците за детето/ децата

iii. Акција/ следни чекори.

- Се користи соодветниот формулар и при тоа лицето што пријавува треба да се осигури дека се направени детални белешки за сите настани вклучително и што кажало детето со свои зборови (ако тоа е можно).
- Доколку прашањето бара итно постапување, во тој случај Оперативниот директор и Претседателот ќе бидат контактирани што е можно поскоро во текот на истрагата.
- Лицето што пријавува веднаш ќе побара медицинска помош за детето/ децата доколку ситуацијата го бара тоа.
- Лицето за заштита на децата треба да биде достапно веднаш, дискутира за документи, ги следи деталите од одговорот на пријавувањето каде што било неопходно итно дејство, проверува дали извештајот е зачуван во централна доверлива архива.
- Лицето за заштита на децата треба да подготви акциски план за решавање на идентификуваните потреби, врз основа на најдобриот интерес на детето/децата.

Оперативниот раководител е одговорен за понатамошно постапување.

## Последици од прекршување на политиката

Можно е да се преземат мерки согласно Законот за работни односи кон персоналот кој ја прекршува политиката или Кодексот на однесување. На членовите на собранието е можно да им биде отповикано членството. Целиот персонал и сите претставници на ПДАС Меѓаши, како и соработниците, мора да бидат свесни дека сите тврдења дека злоупотребувале или експлоатирале деца ќе бидат истражени, и тоа:

a) во согласност со законската регулатива за истрага и гонење на кривични дела според Кривичниот закон
b) преку постапка на внатрешна истрага на ПДАС Меѓаши а во согласност со утврдените процедури за известување доколку има случај на сомневање за прекршување на актуелната политика.

# IV. Медиуми и комуникации

## Насоки за комуникација и медиуми

Ова поглавје од Политиката за заштита на децата ги утврдува принципите кои организацијата ги следи кога станува збор за надворешна комуникација. Содржани се општите принципи за обезбедување на безбедноста на децата во секое време, потоа конкретни инструкции кои мора да бидат следени од страна на персоналот на организацијата, како и од фотографите, екипите за снимање и новинарите кои ги придружуваат или ги посетуваат настаните и активностите на организацијата. Сите мерки за заштита на децата предвидени во Политиката за заштита на децата се подеднакво применливи во медиумските и во комуникациските активности, вклучително и користењето на социјалните мрежи. Со цел да се обезбеди дека сите деца се заштитени во сите ситуации, важно е да се добие писмена согласност од родителот/ старателот на децата, која јасно кажува дали тие се согласуваат фотографиите или изјавите на децата да можат јавно да се користат или не.

## Принципи

Правата и достоинството на детето мора да се почитуваат во секое време а најдобриот интерес на детето секогаш мора да биде на прво место, кога станува збор за комуникациите. ПДАС Меѓаши никогаш нема да користи дискриминаторски или понижувачки тон. Во овој дел се дадени упатства за тоа како треба да се користат фотографии, видео снимки и приказни од деца за медиумски и комуникациски цели со цел да се обезбеди заштита на податоците како и заштита на самите деца. Насилниците понекогаш како своја цел ги имале децата чии слики ги виделе во медиумите и во комуникациските материјали.

Во комуникациите на ПДАС Меѓаши во врска со децата ќе се применуваат следниве принципи:

Достоинство: Достоинството на детето мора да се запазува во секој момент. Тонот не смее да го деградира, виктимизира или да го срами детето. На фотографиите, децата секогаш треба да бидат соодветно облечени и никогаш не треба да бидат прикажани во пози што може да се протолкуваат како сексуално провокативни. Нема да се фотографираат и објавуваат фотографии на деца кои се целосно голи или несоодветно облечени. Нема да се прикажуваат децата како жртва (слаби, очајни итн.). Фотографиите треба да прикажуваат сила, надеж кај децата и да ги прикажуваат на „позитивен“ начин.

Точност: Прикажувањето на децата не смее на кој било начин да биде манипулиран или да биде предмет на сензационализам. Фотографиите и приказните треба да обезбедат избалансиран приказ на животот и околностите на детето, покажувајќи го напредокот што го прават децата. Во комуникациите треба да се избегнува генерализирање што не ја одразува на точен начин природата на ситуацијата и фотографиите не треба да се преземаат и користат надвор од контекст.

Приватност: Сите информации што би можеле да се користат за да се идентификува конкретно дете или кои би го ставиле детето во ситуација на ризик нема да се користати. ПДАС Меѓаши мора да го обезбеди следново:

- Се користат само имиња на децата: нема да се откријат детали за местото каде што живеат, нивното училиште и други информации кои би помогнале да се дојде до

нивното место на живеење. Доколку е потребно за целите заштита на децата, имињата и ликот на децата мора да се променат.

- Информациите за животот на детето/децата и фотографиите на децата (вклучувајќи информации зачувани на компјутерот) ќе се чуваат во безбедни датотеки. Пристапот до нив треба да биде ограничен на оние кои треба да ги користат во текот на својата работа.
- Снимките и фотографиите треба да се фокусираат на активност и, каде што е можно, да прикажуваат групи на деца наместо поединци.
- ПДАС Меѓаши е посветена на тоа да претставува широк спектар на деца – момчиња и девојчиња, од различни возрасти, со различни способности и етнички групи во своите публикации и видеа. Организацијата ќе обезбеди во нејзините комуникациски материјали да биде претставена различноста на децата.

Постапка за жалби: Сите поплаки или загриженоста во врска со несоодветни или наметливи слики мора да бидат пријавени и евидентирани како и секоја друга загриженост за заштита на децата.

## Информирана согласност

Пред да се направат какви било фотографии, видеа или ако се бараат лични информации за животот на децата кои потоа може да се користат во материјалите на организацијата, неопходно е секогаш да се бара информирана согласност. Информираната согласност значи дека на децата им се кажува како организацијата може да ги користи информациите или фотографиите/ снимениот материјал. Децата можат слободно да одбијат да се објавуваат фотографии или материјали во врска со нив. Тие, исто така, треба да се уверат дека ќе бидат променети локациите и другите идентификациски информации што би се однесувале на местото на живеење на децата. Тие ќе треба да бидат прашани дали даваат согласност за тоа нивното име да се споделува со информацијата или сликата/снимениот материјал.

Согласноста мора да се добие со пополнување и потпишување на формуларот за согласност за медиуми (кој е составен дел на формуларите за согласност во Анексот 6). Потребна е исто така согласност и од родителот/ старателот на детето, кој мора да го потпише формуларот.

Формуларите за согласност за медиуми и другите формулари за согласност ќе се чуваат во досието на детето од страна на Меѓаши.

Добивањето претходна писмена согласност не значи дека не постои обврска за добивање и усна согласност во моментот на фотографирање/ снимање видео/ интервју.

## Интервјуирање деца

Интервјуирањето деца бара вештини и потребно е да се следат одредени основни принципи за да се обезбеди почитување на нивното достоинство и нивните права.

**Информирана согласност**: Во врска со интервјуата, информираната согласност значи објаснување кои теми е веројатно дека ќе бидат опфатени во интервјуто и појаснување на правото кое го има детето да ја повлече својата согласност во секој момент. Оној кој го прави

интервјуто треба да направи проценка на тоа како детето ја разбира дадената согласност на почетокот на интервјуто.

**Давање поддршка**: За време на интервјуто треба да биде присутно и друго лице, кого детето го познава. Секогаш кога е можно, на детето треба да му се даде избор за тоа кој ќе биде негова/ нејзина поддршка за време на интервјуто.

**Почитување на правото да се каже не**: Пред да се започне со интервјуто, на детето треба јасно да му се каже дека треба да зборува само ако се чувствува комотно да го прави тоа и дека може да престане и да ја повлече својата согласност во секој момент.

**Род**: Добро ќе се размисли за различните потреби на момчињата и девојчињата и дали би им било поудобно да разговараат со маж или со жена. Родот мора да се земе предвид кога се одлучува за темите за кои може да се разговара.

**Почитување на правото на информации**: Ако сакаме да фаќаме белешки или да го снимаме интервјуто на друг начин, мора да му го објасниме тоа на детето и вербално да побараме дозвола од него/ неа за да го сториме тоа.

## Посети од фотографи, филмски екипи, новинари и други

Неопходно е особено да се внимава при организирање посети на фотографи, филмски екипи, новинари или посетители од надвор кога се организираат проекти на организацијата или нејзини активности и публикации:

- Новинарите, фотографите/ филмските екипи мора да бидат целосно информирани за политиката за заштита на децата на самата организација пред да се сретнат со децата кои ќе бидат интервјуирани, фотографирани или снимени. Тие треба да потпишат дека ќе се придржуваат до оваа политика.
- Лицата од ПДАС Меѓаши ќе осигураат на фотографите и на снимателите да не им биде дозволено да поминуваат време со децата или да имаат пристап до нив без надзор. Тие мора постојано да бидат придружувани од вработените, волонтерите или претставниците на организацијата.
- Децата, родителите и старателите мора да бидат информирани за тоа како ќе се користат филмот, фотографијата или приказната и да се добие согласност за тоа. Ова се разликува од согласноста за користење на материјалите што претходно ја дале.
- Копии од фотографии, видео снимки и од приказни треба да се доставаат до родителите и децата.
- Со цел да се заштити доверливоста и приватноста на децата, ПДАС Меѓаши мора да биде известена за тоа како фотографот или режисерот има намера да ги користи фотографиите или приказните. Организацијата го задржува правото да одбие употреба на фотографии, видео снимки или приказни доколку се почувствува дека со тоа организацијата нема да постапува во согласност со политиката за заштита на децата и со медиумските и комуникациски принципи.
- Ако некоја фотографија или материјал треба да се користи од друга организација, правото на користење треба да се добие со означување на авторските права на © Меѓаши, како и името на фотографот со соодветен натпис.

# V. Мониторинг и отчетност

### Отчетност: Мониторинг и евалуација на спроведувањето на Политиката за заштита на децата

Целта на мониторингот и евалуацијата на Политиката за заштита на децата е да се научи од практичните искуства на случаите, што ќе придонесе за информирано ревидирање на процедурите и за промени во Политиката за заштита на децата. ПДАС Меѓаши редовно ќе го следи спроведувањето на нејзината политика и на процедурите за заштита на децата. Напредокот, учинокот и научените лекции се известуваат секоја година од страна на лицето за заштита на децата до Оперативниот директор или до Претседателот и тие се содржани и во годишните извештаи на организацијата. Мониторингот и евалуацијата ќе се вршат со проверка на тоа дали се имплементирани стандардите од Политиката за заштита на децата и дали функционираат заштитните мерки. Ова ќе се направи со правење анкета помеѓу персоналот на организацијата, практикантите и волонтерите за тоа како се исполнуваат стандардите од Политиката за заштита на децата, колку се тие ефективни и што треба да се подобри.

Освен целокупниот мониторинг и евалуација на Политиката за заштита на децата, ќе се врши и реактивен мониторинг т.е. откако ќе се случат инциденти, што ќе придонесе кон процес на учење за организацијата и, доколку е потребно, ќе доведе и до промени во Политиката за заштита на децата или на процедурите за известување. На секои три години ќе се врши интерен преглед на политиката и нејзините резултати ќе бидат одобрувани од највисокиот раководен орган. Дополнително, се препорачува ангажирање и на надворешен оценувач кој ќе ги прегледа политиката и практиките. Ова може да се направи од страна на Keeping Children Safe.

## Одговорност за имплементација, усогласеност, мерење и постојано подобрување

Следниве работни позиции се одговорни за спроведување и следење на политиката во рамките на своите области на работа:

- Менаџери
- Оперативен директор
- Лице за заштитата на децата

## Следење на политиката

Оперативниот директор и раководителот на Секторот за истражување, развој и одржливост се одговорни за следење на политиката.

## Анекси

Анекс 1 – Референции
Анекс 2 – Графикон на тек на постапката за искажување загриженост
Анекс 3 – Образец за пријавување
Анекс 4 – Изјава за прифаќање
Анекс 5 – Одговорност во организацијата
Анекс 6 – Формулари за согласност

# Придружни документи

Документи кои ја поддржуваат политиката и нејзиното спроведување:

- Кодекс на однесување на ПДАС Меѓаши
- Протокол за заштита на децата (претстоен)
- Насоки за волонтерска работа во ПДАС Меѓаши (претстојно)
- Заштита на децата во нашата комуникациска работа (претстојно)
- Проценка на ризик за заштита на децата (претстојно)